Република Македонија

**Министерство за животна средина**

Архивски бр. 11-5508/1

Дата: 14. 11. 2017

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија

**Министерство за животна средина**

**и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,

ДО : Министерство за транспорт и врски

ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4

1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на решение

ВРСКА: Ваш бр. 02-2555/1 од 10.03.2017 година

Согласно Вашето известување за намера за изведување на проектот – Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, за потребите на инвеститорот Министерство за за транспорт и врски, во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението со кое се утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот - Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како и определениот обем на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Sadulla Duraki**

Изработил: Дејана Тодоровска

Контролирал:Александар Петковски

Согласен: Билјана Петкоска

Одобрил: в.д.Директор на Управа за животна средина

Билјана Зефиќ

**Прилог**: Решение со кое се утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот - Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, за потребите на инвеститорот Министерство за за транспорт и врски

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11- 5508/2 од 14. 11. 2017 година

Скопје

Врз основа на член 81 став 8 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина

1. Се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот:Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, за потребите на инвеститорот Министерство за за транспорт и врски.
2. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е определен во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот, која е составен дел на ова решение.
3. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина покрај определената Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, прашања за карактеристиките на проектот, треба ги опфати и прашањата кои се однесуваат на: геолошки и хидрогеолошки аспекти, влијанијата врз сите медиуми на животната средина, визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија и социо-економски аспекти.
4. Засегнатата држава, Република Бугарија е известена за намерата за изведување на проектот – Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, која изрази интерес за учество во постапката за оцена на влијанието врз животната средина.

5. Инвеститорот Министерството за транспорт и врски е должен да ги сноси сите трошоци за вклучување на засегнатата држава во постапката за оцена на влијание врз животната средина (трошоците за превод на информациите за документацијата која се испраќа до засегнататадржава, известувањето, како и дополнителните информации се изготвуваат на официјалниот јазик на засегнатата држава, трошоците за превод на Студијата за ОВЖС која се доставува на официјалниот јазик на засегнатата држава и други трошоци утврдени со Законот за животна средина и подзаконските акти).

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

***Образложение***

На ден 13.03.2017 година од страна на инвеститорот Министерство за транспорт и врски со седиште на ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4 во Скопје,до Министерството за животна средина и просторно планирање достави известување за намера за изведување на проект - Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија.

Со реализација на проектот ќе се обезбеди поврзување на Медитеранската/Јадранската транспортна област со Црноморската траснпортна област, а ќе се олесни и потпомогне трговијата меѓу Бугарија, Македонија и Албанија преку железничкиот траспорт. Проектот ќе овозможи железничко поврзување на Македонија и Бугарија.

Трасата на оваа делница целосно ќе поминува на територијата на општина Крива Паланка, ќе започне од крајот на делницата 2 на катастарската парцела 65, во околината на село Длабочица и ќе се движи до граничниот премин Деве Баир на катастарска парцела 88,5. Оттука преку тунел бр.22, пругата преминува на територијата на Република Бугарија, кон селото Ѓушево. Должината на трасата изнесува 23,4 км.

Министерството за животна средина и просторно планирање, по добивање на известувањето пристапи кон разгледување на истата. Согласно член 81 од Законот за животна средина, постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се врши за проекти определени согласно член 77 од Законот за животната средина.

При утврдувањето на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, заради изградба на пограничен тунел, се утврди дека проектот може да предизвика прекугранично влијание врз животната средина на територијата на Република Бугарија. Согласно законските обврски и Конвенцијата за оценка на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст (Еспо Конвенција), Министерството за животна средина и просторно планирање ја извести засегнатата држава. Република Бугарија пријави интерес и го потврди учеството во постапката за ОВЖС за проектот. Инвеститорот Министерство за транспорт и врски е должен да ги сноси сите трошоци за вклучување на засегнатата држава во постапката за оцена на вллијанието врз животната средина кои произлегиваат од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016).

Согласно Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05, 109/09, 164/2012 и 202/2016) предложениот проект се наоѓа во Прилог I – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7 – Изградбата на; а) железнички сообраќај на големи растојанија и на аеродроми со должина на основната писта од 2,100 м или повеќе и за истиот задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел се пристапи кон пополнување на Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот и се изврши определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Покрај прашањата опфатени во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, инвеститорот треба подетално да ги разработи следните прашања:

*Геолошки и хидрогеолошки аспекти*

Овие аспекти се важни во релација со животната средина во текот на фазата на изградба на овој вид на проекти. Од тие причини претставуваат важен сегмент која треба да ги опфати Студијата за ОВЖС.

*Влијанијата врз сите медиуми на животната средина*

Овие аспекти се важни за овој вид на проекти во релација со животната средина во текот на фазата на изградба, а особено во оперативната фаза. Од тие причини претставуваат важен сегмент која треба да ги опфати Студијата за ОВЖС

*Визуелни аспекти*

Овие аспекти се важни во релација со животната средина во текот на оперативната фаза и во фазата на искористување на овој вид на проекти. Од тие причини претставуваат важен сегмент на Студијата за ОВЖС, која треба да опфати ефекти врз пределот.

*Биолошка разновидност*

Студијата за ОВЖС треба да вклучи анализа на состојбите со билошката разновидност на подрачјето, евентуално присуство на заштитени и засегнати видови живеалишта, присуство на заштитени подрачја, евидентирани подрачја за заштита, присуство на еколошки мрежи, како и потенцијалните влијанија од спроведување на проектот.

*Кумулативни влијанија*

Овие аспекти се важни за овој вид на проекти во релација со животната средина во текот на фазата на изградба, а особено во оперативната фаза. Студијата за ОВЖС треба да вклучи анализа на кумулативните ефекти.

*Социо-економски аспекти*

Оцената на социо-економските аспекти ќе даде преглед на потенцијалните директни и индиректни ефекти од проектот врз економијата и социјалните состојби во подрачјето од спроведување на истиот.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 2 од Законот за животна средина.

МИНИСТЕР

Sadulla Duraki

Изработил: Дејана Тодоровска

Контролирал: Александар Пековски

Согласен: Билјана Петкоска

Одобрил: в.д.Директор на Управа за животна средина

Билјана Зефиќ